# Жарко Башески
# Zarko Basheski

**Конча Пиркоска**

*"Малата по димензии градба во себе го содржи огромниот свет. Нејзиниот свод се простира слично на небескиот, без столбови, свиткан и затворен.."*

Сириска химна од 6 век
посветена на храмот во Едеса

Корените на автентичноста на било кој современ културен ентитет најчесто се бараат во традицијата. Генерирана од некои историски наследени, претходно вери-фицирани, меѓусебно различни, но, низ времето асимилирани културни хоризонти посебности, денес, таа (автентичноста) го еманира континуитетот на глобалната слика на традицијата.

Жарко Башески е еден од малкуте автори кој својот креативен легитимитет претендира да го стекне преку реафирмацијата на наследената културна стратиграфија на Македонија, поточно преку историската дијахрониска врска на нашето време со глобалните средновековни референци.

Процесот на артикулирањето и култивирањето на неговиот скулпторски дискурс започнува со обидот за реализација на деконструктивистичкиот модел. По пат на рememорирањето, на реактуализирањето и на мултиплицирањето на еден архитектонски елемент што во конкретниов случај е преземенцитиран од византиското градителско наследство, Башески се обидува скулптурата да ја третира како репрезентација на деконструкцијата, додека користењето на материјалите да го третира како репрезентација на туѓата/своја апстрактна идеја.

Според терминологијата на Платоновиот следбеник Теодор Студит, теоријата на репрезентацијата на надворешниот ликпрволик, т.е. на архетипот на градбите, почива на темелите на внатрешниот еидос. За идеалниот визуелен архетип, тој пишувал дека може да се оживотвори во различни материјали, но "доколку на надворешниот изглед на градбата "се отфрлат камењата, (таа празнина) всушност го претставува нејзиниот внатрешен еидос.

Надоврзувајќи се на идејата на платоничарите, може да се констатира дека и самата репрезентација на овој проект на Башески претендира да стане своевиден духовен омаж на поетиката на христијанскиот византискиот внатрешен еидос, но и апологија на антиномискиот принцип. На смет-

**Koncha Pirkoska**

*"The small construction in dimension contains in itself the huge world. Its arch spreads itself like the celestial, sphere without columns, rolled and closed..."*

Syrian hymn from the 6th century
dedicated to the temple in Edessa

The roots of the authenticity of any contemporary cultural entity, are most often looked for in the tradition. Generated from some historically inherited, previously verified, mutually different, but, during the time assimilated cultural horizons-particularities, today it (the authenticity) emanates the continuity of the global image of the tradition.

Zarko Basheski is one of the few authors who seeks to obtain his own creative legitimacy through the reaffirmation of the inherited cultural stratografy of Macedonia, more precisely through the historical diachronic connection of the present with the global medieval references.

The process of the articulation and the cultivation of his sculptural discourse begins with the attempt et pralizing the deconstructive model. Through the rememorazing, reactualization and the multiplication of one architectonic element which, in this case is taken over, i, e, quoted from the Byzantine constructive heredity, Basheski tries to treat the sculpture as a representation of that deconstruction, while he treats the use of the materials as a representation of somebody else's/orhis own abstract idea.

According a the terminology of Plato's successor Theodore Studit, the theory of the representation of the external areh form that is of the archetype of the construction, rests on the bases of the internal eidos. Of the ideal visual archetype, he wrote that it was possible to be animate a in various materials, but "if the stones of the external image of the construction are thrown away that emptiness, actually represents its internal eidos."

Extending the idea of the Platonians, one can say that the representation itself of this project of Basheski seeks to become spiritual omage of the poetics of the Christian-Byzantine internal eidos, but at the same

ка на транспарентноста, на порозноста на скулпторскиот концепт, Башески го жртвува, поточно релаксира концептот на повисокото вдахновение, елиминирајќи ги внатрешниот мошне чувствителен онтолошки фон и ноуменалната содржина кои би трбало да ја претпоставуваат носечката оска на генералниот концепт. Но, според "каноните" на недоследноста, на антиномичноста, авторот овозможи околу просто-рите на неговите куполи суптилно да провејува идејата на ересот и да се обедини со постоечката идеја на еросот што е вградена, како во темелите, така и во екстериерната слика на Амамот. Оваа компонента кај Башески е забележлива и во противречноста меѓу динамиката на погледот и мислите на восприемачот. Економичната, минималистичка, т.е. аскетска линија на инсталациите авторот ја артикулира низ тавтолошкиот принцип. Интерполи-рањето на куполите под куполи, нивното адаптирање и интерферирање со постоечкиот простор, (или со простори слични на дадениов) се активира во активен динамички процес. Контролираната динамичност во инсталациите на Башески всушност претставува резултат на почитувањето на архитектонските законитости на исламскиот профан објект. Со ентериоризацијата на екстериерната фрагментарна слика на куполите изградени од лачни линии и празнини Башески не само што ја ритмизира севкупната внатрешна структура на амбиентот туку, претендира (можеби несвесно) априори да ја воспо-стави, да ја афирмира и да ја хармонизира релацијата со другата, туѓата и поинаквата архитектура, идеја, култура, традиција итн.

Целта на Башески не е преку овој проект на фрагментот да ја реконструира наследената византиската архитектонска идеја, ниту пак да се врати во минатото туку, во конкретниот тополошки контекст, преку артефактите од различните култури, да го намали заемното (радикално) растојание и да отиде, како би рекол Хајдегер, во иднината.

time, an apology of the antinominal principle. At the expencef the transparency, or rether the porosity of the sculptural concept, Basheski sacrifices, relaxes the concept of the higher inspiration, eliminating the internal very sensitive ontological phone and nominal content, which are supposed to assume the basic axis of the general concept. However, according to the "canons" of inconsistency and antinominity, the author enabled subtle pervading of the idea of the heresy around the spaces of his domes writing it with the existing idea of the Eros which is built in both in the bases, and olso as in the exterior image of the Amam. This component can olso be seen in the contradictin between the dynamism of the view and the thoughts for the recipient. The economy, minimal, i.e. ascetic line of the installations, the author articulates by way the tautological principle. The interpolation of the domes under domes, their adaptation and interference with the existing space, (or with spaces similar to this one), activates itself in an active dynamic process. The controlled dynamic power in the installations of Basheski actually represents a result of the respect of the architectonic laws of the Islamic profane object. By internalizing the external fragmented image of the domes constructed with curved lines and gaps, Basheski does not create only rhythm in the entire internal structure of the ambient, but seeksperhaps unconsciously a priori to establish, to affirm and to harmonize a relation with and other, the somebody else's and the different architecture, idea, culture, tradition.

Basheski aim in this project is not to reconstruct the inherited Byzantine architectonic idea, is pragments nor to go back in to the past, but, in the concrete topological context, through the artifacts from various cultures, to reduce the mutual radicall distance and go, as Hydeger would say, in the future.















## БАШЕСКИ ЖАРКО

Роден во Прилеп 1957 година, Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје во класата на проф. Петар Хаџи Бошков. Член на ДЛУМ од 1988 година. Сега е на постдипломски студии во класата на проф. Драган Попоски - Дада. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Видое Смилевски - Бато, 51 - 1/15,
Скопје Р. Македонија
тел. ++ 389 91 43 00 25

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1984 - Дом на Културата М. Цепенков - Прилеп
1993 - Уметничка галерија - Дом на културата М.Цепенков - Прилеп
1993 - Уметничка галерија - Битола
1994 - Културно - информативен центар - Скопје
1997 - Уметничка галерија - Даут Пашин Амам - Скопје

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1984 - Хепенинг - Дом на млади, Скопје
1988 - Дипломирани студенти ФЛУ, 1987 - 1988, Скопје
1988 - Годишна изложба ДЛУМ, Скопје
1989 - II биенале на млади, МСУ, Скопје
1989 - Годишна изложба на ДЛУМ, Скопје
1990 - 10 години од основање на ФЛУ, Скопје Галерерија АНИМА, Скопје
1991 - Ситна пластика, Уметничка галерија, Скопје
1992 - Зимски салон, Уметничка галерија, Скопје
1992 - Цртеж - годишна изложба, Скопје
1992 - Изложба на 14 професори на ФЛУ Галерија АНИМА, Скопје
1992 - Цртеж - Аризона - Темпи, САД Галерија Ведеспоун - Гринзборо
1993 - Ситна пластика - УГ, Скопје
1993 - Цртеж - Њу Кастел, Австралија
1993 - Цртеж - Биенале - НУП Климент Охридски, Скопје
1993 - Зимски салон - УГ, Скопје
1994 - Зимски салон - УГ, Скопје

## BASHESKI ZARKO

Born in Prilep 1957 year. Graduated from the Facultaty of Fine Arts in Skopje, under professor Petar Hadzi Boskov. Mamber of DLUM, since 1988 year. Now, he is studing postgraduated, under professor Dragan Poposki - Dada. Basheski lives and works in Skopje.

Address: Blvd. V. Smilevski - Bato, 51-1/15
Skopje, R.Macedonian
Phone: ++ 389 91 43 00 25

### ONE MAN EXHIBITIONS:

1984 - Cultural center M.Cepenkov, Prilep
1993 - Art Gallery of C.Center M.Cepenkov, Prilep
1993 - Art Gallery, Bitola
1994 - Cultural and I. Center- Skopje
1997 - Art gallery, Daut Pashin Amam, Skopje

### GROUP EXHIBITIONS:

1984 - Hepening - Yoth Center, Skopje
1988 - Graduated studens FLU 87/88, skopje
1988 - The Exhibition og DLUM, Skopje
1989 - II Youth Biennial, Skopje MCA
1989 - The Exhibition og DLUM, Skopje
1990 - 10 years from assembling of FFA, Skopje
1991 - Exhibition of 14 proff. on FFA in the Galery ANIMA, Skopje
1991 - Miniatur plastic - Art Galery, Skopje
1992 - Winter Salon - Art Galery, Skopje
1992 - Drawings - NUB Kliment Ohridski, Skopje
1992 - Exhibition of 14 proff. on FFA in the Galery ANIMA, Skopje
1992 - Drawings- Arizona Tempy, Gal. Wedestpoun, Grinzborough
1993 - Miniatur plastic - Art Galery, Skopje
1993 - Drawings - New Castl, Australia
1993 - Drawins, Biennal -NUB Kliment Ohridski, Skopje
1993 - Winter salon, Art Galery, Skopje
1994 - Winter Salon, Art gallery, Skopje

1995 - Истанбул, Турција
1995 - Арканзас - Феетфил, САД
1995 - Изложба од Ликовна колонија, Приле-КИЦ, Скопје
1996 - Чифте Амам - Инсталации, Скопје
1996 - АРМ, Скопје
1996 - IV Меѓународни Биенале Уметности Минијатуре, Г. Милановац, СРЈ
1996 - Зимски салон - УГ, Скопје

**КОЛОНИИ И СИМПОЗИУМИ:**

1988 - Марушиќи, Словенија (мермер)
1989 - Прилеп - симпозиум - мермер
1990 - Приелп - метал (Металец)
1991 - Прилеп - симпозиум мермер (Мермерен комбинат)
1993 - Прилеп - симпозиум мермер (Мермерен комбинат)
1995 - Прилеп - симпозиум метал (Металец)
1997 - Прилеп - сипозиум мермер (Мермерен комбинат)

**СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ:**

1979/1980 - Лондон, Англија
1981/1982 - Лондон, Англија

**НАГРАДИ:**

1991 - Ситна пластика, Уметничка галерија, Скопје

1995 - Istanbul, Turkey
1995 - Arkanzas, Feetfele, USA
1995 - The Exhibition of Art Colony, Prilep
1996 - Chifte Amam, Instalations, Skopje
1996 - ARM, Skopje
1996 - IV International Biannial Art Miniature, G. Milanovac, SRJ
1996 - Winter Salon, Art Gallery, Skopje

COLONEIS AND SUMPOSIUMS:

1988 - Marushichi, Slovenia (marble)
1989 - Prilep, Simposium (marble)
1990 - Prilep, metal (Metalec)
1991- Prilep,Simposium marble (Mermeren kombinat)
1993 - Prilep, Simposium marble (Mermeren kombinat)
1995 - Prilep, Simposium metal (Metalec)

STADY VISIT:

1979/1980 - London, England
1981/1982 - London, England

AWARD:

1991 - Miniature plastic, Art Gallery, Skopje

ДАУТ ПАШИН АМАМ-УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
29 МАЈ 1997

**ИЗДАВАЧ**
Даут Пашин Амам-Уметничка Галерија
-Скопје, Македонија
**ПРЕДГОВОР**
Конча Пирковска
**ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ**
Жарко Башески
Диме Попо
**СЛАЈДОВИ**
Мики Темелкоски
Роберт Јанкулоски
**ПЕЧАТИ**
Миле - Скопје
**ТИРАЖ**
500

Daut Pasin Amam-Art Galery Skopje
29 May 1997

**Publisher:**
Daut Pasin Amam-Art Galery Skopje
-Skopje, Macedonia
**Preface:**
Konca Pirkoska
**Layout:**
Zarko Baseski
Dime Popo
**Slides:**
Miki Temelkoski
Robert Jankuloski
**Printed by:**
Mile - Skopje
**Copies:**
500

ПЕЧАТЕЊЕТО НА КАТАЛОГОТ Е ОВОЗМОЖЕНО ОД

**The printing of the catalogue is sponsored by:**

SCCA
Soros Center for Contemporary Arts - Skopje, Macedonia
Сорос Центар за современи уметности - Скопје, Македонија